# Мултимедијален балет „Врати“ на Панго

„Врати“ е името на новиот проект на кореографката Олга Панго во режија на Наташа Поплавска чија премиера ќе се случи во вторник на малата сцена во Македонската опера и балет. Станува збор за модерен балет кој обединува танц, видео, драма и пеење. Авторот на музиката Џенгиз Ибрахим на сцената ќе свири на канун, тапан и ќе користи вода, ориз и дрво во својата изведба.

Авторката и режисерката велат дека приказната е секојдневна, а самиот наслов симболизира почеток и трансмисија. Играат осум члена на ансамблот на Балетот - Наташа Николова, Драган Кочовски, Биљана Пашариковска, Маја Митровска, Лиле Миленковска, Марина Ѓеоргиевска, Стефан Кочевски и Агим Бафтии.

Марија Пупучевска ги изработи костимите за кои вели дека се современи, но сепак театрални. Сценографијата и видеодизајнот се на Емил Петров.